**Известување за концентрација со која Комет Интернационал Холдинг Лтд, Лондон, Англија, ќе стекне директна единствена контрола над Комак Медикал ООД, Софија, Бугарија и индиректна контрола врз нејзините зависни друштва и поврзани компании**

**(предмет бр. 08-60/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 31.03.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Комет Интернационал Холдинг Лтд (*Comet International Holding Ltd*), друштво основано и регистрирано во Обединетото Кралство Кралството, со регистрирано седиште на 52 Хереформ Роад, Уппер Флоор Флат (*52 Hereford Road, Upper Floor Flat*), Лондон, Англија, W2 5AJ ќе стекне директна единствена контрола над Комак Медикал ООД (*Comac Medical OOD*), друштво кое е основано и регистрирано во Бугарија, со свое регистрирано седиште во Реон Вазразхдане, улица Одрин бр. 131, 5-ти кат, стан 22, 1303 Софија, Бугарија и индиректна контрола врз нејзините зависни друштва и поврзани компании во Бугарија и во странство.

Стекнувачот во предложената Трансакција, Комет Интернационал, е ново основана компанија специјално за целите на Трансакција за која се поднесува известувањето. Тоа е во крајна сопственост на инвестицискиот фонд ЕџКап Партнерс I Усалдусфонд (*EdgeCap Partners I Usaldusfond*), создаден како алтернативен инвестициски фонд согласно законите на Република Естонија со цел за спроведување на инвестицијата и стекнување на Комак Групацијата.

Во моментов, ниту Стекнувачот, ниту Фондот немаат никакви зависни друштва или друго регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија, ниту вршат било каква трговска дејност во земјата.

Комак Медикал е друштво со седиште во Бугарија, основано во 1997 година, чија главна деловна активност е давање услуги како договорна истражувачка организација (*ДИО*) (*Contract Research Organization – CRO*) која им помага на меѓународните фармацевтски компании и другите глобални играчи во организирање, спроведување и следење на клиничките испитувања. Комак Медикал моментално е во сопственост на четворица акционери – физички лица, каде мнозинскиот дел од акциите е во сопственост на д-р Милен Врабевски (бугарски државјанин).

Во Северна Македонија, Комак Медикал има локално зависно друштво - КОМАК МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, друштво основано и регистрирано во Северна Македонија, регистрирано во Централен регистар на Република Северна Македонија под ЕМБС 6009875, со регистрирано седиште на ул. Георги Скрижевски. Бр. 6б, Скопје, Северна Македонија. Комак МКД е исто така активен на пазарот на ДИО услуги и и служи на Комак Групацијата конкретно со имплементацијата на нејзините проекти во Северна Македонија. Поголемиот дел од неговата деловна активност е на групациско ниво - спрема Комак Медикал или други субјекти од Комак Групацијата, кои се на крајот одговорни за извршувањето на проектите на ДИО и се во директна врска со крајните клиенти.

Целното Друштво има ограничени активности во Северна Македонија на пазарот на услуги за ДИО.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.04.2023 година
Скопје